Славка ФИДАНОВА

# ОБНОВУВАЊЕТО, КОНСОЛИДАЦИЈАТА И АКТИВНОСТА НА КПЈ ЗА МАКЕДОНИЈА ОД 1929 ДО 1934 ГОДИНА

На темата за активноста на КПЈ и СКОЈ во Македонија за периодот од 1929 до 1934 година во нашата македонска историографија многу малку е пишувано. За ова постојат и објективни причини поради немање доволно изворен архивски материјал, како и поради тоа што мемоарскиот материјал од овој период меѓу двете војни не е сè уште во доволна мера собран и систематизиран. Така, еден многу важен период од активноста на Партијата и СКОЈ во времето по заведувањето на монархистичката диктатура, кога тие прават грчевити напори да ги соберат силите, да ја обноват партиската и скоевската организација, да ги консолидираат нивните редови и да ги подготват социјално обесправените и национално угнетените маси за отпор против диктатурата, останал неразработен. Факт е дека овие организирани сили успевале, во услови на најголемата реакција, како и во условите на големата економска криза, да најдат сили во себе и да продолжат со својата активност, макар што отпрвин во помал обем, подготвувајќи ги истовремено масите за отпор против диктатурата. Во тоа била и неуништливоста на КП, авангардата на работничката класа, која секогаш успевала да ја обнови својата работа и да застане на чело на национално поробените и потиснатите маси во борбата за остварување на нивните национални и социјални права. Од тие причини, врз основа на расположливиот материјал, се обидовме да дадеме прилог кон ова прашање од историјата на работничкото движење.

Како што е познато, великосрпскиот хегемонистички режим во Југославија за да најде излез од заострените внатрешни спротивности во земјата, поради нерешеното социјално и национално прашање, со прокламација на кралот Александар од 6 јануари 1929 година, го укина парламентарниот живот, а потоа презеде редица мерки за да го закрепи уште повеќе централистичкото и унитаристичкото уредување и тоа под парола за некакво интегрално југословенство.

Полицискиот режим што завладеа потоа под монарходиктатурата, посебно се нафрли на КПЈ. Генералската влада на Петар Живковиќ, најголемиот потпирач на апсолутистичкото владеење на кралот Александар, сметајќи ги комунистите како главни противници на постојниот режим во Југославија, уште веднаш започна да ги прогонува. Овој став на владата дојде до израз и во една наредба издадена од страна на Одделението за државна безбедност во Белград од 1 јануари 1929 година до сите подредени полициски органи во земјата. Предупредувајќи ги на зголемената комунистичка опасност, во оваа наредба во врска со тоа се вели:

„Имаме известување дека комунистите и други партиски луѓе, на кои во новата состојба им е оневозможено јавно партиско дејствување и агитирање, испраќаат во народот свои луѓе тајно да работат против режимот како агенти на осигурителни друштва, трговски патници и продавачи на машини за шиење . . .“[1])

Во остварувањето на оваа намера на режимот му одеше во прилог и самата ситуација во Партијата во чии редови, користејќи се со дотогашните фракционерски борби, тој успеа да уфрли провокатори и шпиони преку кои ја следеше работата на Партијата и со нивна помош уште во 1928 година започна да ги затвора оние партиски активисти кои се залагаа за ликвидирање на фракционерските борби. Потпирајќи се врз тие провокатори, режимот на диктатурата во годините: 1929, 1930 и 1931 на најѕверски начин ликвидира преку стотина најверни членови на Комунистичката партија и Комунитичката младина, а околу 1.000 ги затвори и фрли во занданите, на долгогодишна робија.

Прогонувањето против комунистите што го спроведе режимот на диктатурата во целата земја, ја зафати и Македонија во која, поради убиството на генерал Ковачевиќ во Штип и пред тоа, владееше вонредна состојба и во затворите се наоѓаше многу свет.[2]). По прогласувањето на диктатурата бројот на затворените уште повеќе се зголеми. Во јули 1929 година со помош на провокаторот Здравко Хаџи Анѓелковски, дотогашен член на ВМРО(об) во Велес, беше откриена национално-револуционерната организација ВМРО(об) и потоа беа затворени сите членови на Обласниот комитет на ВМРО(об), како и одделни членови на организацијата во Велес, Прилеп, Скопје, Куманово и Штип. Најголемиот број од нив беа членови на Партијата кои

---

[1]) Ferdo Čulinović, Jugoslavija izmedju dva rata, knj. II, стр. 17, Zagreb, 1961.

[2]) D. Marković — Lj. Ristović, „Politička sudjenja”, kn. II, стр. 511—512, Beograd, 1969; Лазар Колишевски, „Политички извештај“, Скопје 1949, стр. 37.

заземаа и раководни места во неа.[3]) Во текот на јули и август 1929 година беше извршена провала и во кумановската партиска организација, која настана по една провала во повисокото раководство на Партијата во Загреб. Во таа прилика беа затворени 15-мина комунисти од кумановската Партиска организација. Заедно со нив беше затворен и доведен во Куманово и дотогашниот секретар на Покраинскиот комитет на КПЈ во Македонија, професорот Милан Мијалковиќ, кој во времето на затворањето беше на служба како професор во Крагуевац. Провалата во кумановската партиска организација со себе го повлече паѓањето во затвор на ПК КПЈ за Македонија.[4])

Со затворањето на големиот број на партиски функционери и ликвидирањето на некои од нив, на Партијата во Југославија ѝ беше нанесен голем удар. Партиските врски беа прекинати и целиот партиски живот беше парализиран.

Во Македонија исто така по затворањето на поголемиот број партиски активисти чија бројка се движеше близу 50-мина, од кои 35 беа осудени на разни казни, организациониот партиски живот, како и на младината, престана да се чувствува. Тоа доведе до прекинување на врските меѓу партиските организации и одделните членови на Партијата. Ваквата положба уште повеќе се влоши и поради прекинатите врски со раководството на КПЈ. Партиските организации и одделни членови кои не беа зафатени со провалата, се обидуваа да развијат некоја активност, но тоа се сведуваше исклучиво на собирање црвена помош, помагање на затворените и нивните семејства.[5])

И покрај тоа што партиската организација во Македонија по големиот удар во 1929 година бавно се закрепнуваше, сепак, почнувајќи од крајот на 1931 година, во редовите на партиските активисти, како и среде младината се чувствува извесно раздвижување. На иницијатива на комунистите почнаа да се создаваат партиски групи и марксистички кружоци, чија содржина на работа била идеолошко-теоретско изградување на членството.

Така, на пример, во Скопје таква една тајна партиска група беше формирана уште во 1931 година која веднаш започна да се поврзува со партиските активисти и симпатизерите на КП.[6]) Основна задача на оваа партиска група беше да органи-

---

[4]) D. Marković — Lj. Ristović, н. д., стр. 514—521; Боро Шушкар, н. д. стр. 336—360; Лазар Колишевски н. д. стр. 40.

[3]) Архив на Институтот за национална историја (АИНИ), Скопје, арх. бр. 3243, Пресуда на Велешкиот првостепенен суд — Велес; 100 години Велешка гимназија, Титов Велес, 1961, стр. 84; Боро Чушкар, „Борбено Куманово 1919—1941“, Куманово, стр. 332—333.

[5]) Боро Чушкар, н. д., стр 368—370; Лазар Колишевски, н. д., стр. 40, АИНИ, Скопје, Ацо Петровски, Спомени.

[6]) АИНИ, Скопје, фонд Коминтерна, микрофилм 107/430, Извештај на инструкторот на ЦК КПЈ во Македонија од 11. III. 1934; Исто, Ацо Петровски, Спомени.

зира тајни кружоци, на кои се држеа предавања и се водеа дискусии по определени теми од областа на филозофијата, економијата, литературата, како и политички теми. Особено многу се дискутираше за проблематиката на капитализмот, за големата економска криза, како и за националното прашање во Југославија, посебно во Македонија.

Од марксистичката литература која во овој период најмногу се читаше и ширеше беа: „Комунистичкиот манифест", „Наемен труд и капитал", „Цена, надница и профит" од К. Маркс, „Социјализам од утопија до наука", „Анти-Диринг" од Ф. Енгелс; „Империјализам" од Ленин и др., додека од напредната литература се читаа изданијата на издавачкото претпријатие „Нолит" од Белград, потоа литературното списание „Нова литература" чиј редник беше Стеван Галогажа од Загреб, а во кое соработуваше и Кочо Рацин и др.

Во ширењето на марксистичката мисла голема улога во Скопје одигра и Народниот универзитет на кој се држани предавања од областа на филозофијата. Како многу успешни и добро посетени се споменуваат предавањето на Кочо Рацин за дијалектиката и материјализмот на Барух Спиноза, како и предавањето на Ѓоко Јовановиќ за надреализмот.

Освен тоа, партиската група во Скопје распраеваше и за организационите форми за поврзување со масите. Со оглед на тоа што директивата на Партијата за формирање на нелегални синдикати, донесена по заведувањето на диктатурата и забраната на Независните синдикати, не даде резултат во цела Југославија, па и во Македонија, партиската група во Скопје на една конференција одржана во 1932 година во присуство на повеќе партиски активисти донесе одлука за организирано и масовно навлегување во Урсовите синдикати во кои со помошта на полицијата раководните места ги заземаа социјалдемократите. Ова требаше да стане со цел Партијата да обезбеди поголемо влијание среде работничките маси преку акциите за нивните секојдневни барања. Во почетокот на 1933 година оваа партиска група вршеше подготовки и за формирање на месен комитет на Партијата, но тоа тогаш не беше остварено.[7])

Вакви партиски групи постоеле и во другите градови на Македонија кои почнале да се создаваат со враќањето на извесен број комунисти од затвор во 1931 и 1932 година. Според сеќавањата на современиците, тоа претставувало некој вид обновување на партиската организација. Во литературата среќаваме дека Местен комитет на Партијата во Прилеп е формиран во 1930 година, во Велес кон крајот на 1931 година, а дека

[7]) Исто; АИНИ, Скопје, Иказ на Киро Гочков во Управата на полицијата во Скопје од 2 декември 1934 год., арх. бр. 3244.

во Куманово таков Комитет е формиран во февруари 1933 година.[8])

За одбележување е дека дискусијата што се водела на состаноците на партиските групи и кружоци и гледањата што биле изнесувани, како на пр., прашањето за КП на Германија и настаните од 1933 година, потоа за синдикалното прашање, за национално-ослободителните движења, честопати биле неправилни, дури кај поединци биле чисто социјалдемократски. Како причина за таквото шаренило во гледањата на поединците, во извештајот на инструкторот на ЦК КПЈ во Македонија се приведува долгогодишната неповрзаност на овие групи со ЦК КПЈ, отсуството на одлуките на IV Конгрес на КПЈ, на пленумите, литературата итн. Но, затоа инструкторот веднаш во овие редови констатира дека и покрај таквото шаренило во нивтните гледања кај сите нив постои желба за работа.[9])

Како пример за таквата положба во партиската организација тој го приведува градот Скопје во кој партиската група, која се состанувала неколкупати, не претставувала скоро никаква обновена партиска организација. Дискусиите што се водени на состаноците имале чисто просветен карактер. Сите присутни сакале да зборуваат за комунизмот и се задоволувале само со дискусиите, без да преземат некоја конкретна акција. Во тој однос особено била карактеристична дискусијата што се водела во Скопската партиска група околу прашањето дали тежиштето на работата треба да се ориентира само на просветната, односно теоретската работа или исклучиво треба да се ориентира на водење акции, без да се обрнува внимание на просветната работа. Во групата во текот на дискусијата преовладувало мислењето дека групата треба да се определи за просветна работа. Тоа нè наведува на заклучок дека идеолошкото ниво на членството во групата било на многу ниско ниво, зашто прашањето било немарксистички поставено, бидејќи „просветната работа и акцијата не биле спротивни нешта во работата на Партијата, туку напротив, тие меѓусебе се дополнувале.'.[10])

Овој процес на самоорганизирање во овој период се јавува и во редовите на младината. Доаѓајќи во допир со комунистите, тие барале од нив марксистичка и друга литература, што сведочи за нивната заинтересираност за марксистичка наобразба. Од редовите на овие младинци почнале да се создаваат младински групи и тоа особено во редовите на учениците во средните училишта кои имале марксистичка физиономија. Вакви

---

[8]) 100 години Велешка гимназија, стр. 84; Боро Чушкар, н. д., стр. 373—384; „Прилеп и Прилепско низ историја", Прилеп, 1972, стр. 61; АИНИ, Скопје, Мире Анастасов, Спомени.

[9]) АИНИ, Скопје, фонд Коминтерна, микрофилм 107/430, Извештај . . .; Исто, Ацо Петровски, Спомени.

[10]) Исто.

марксистички младински групи имало на Филозофскиот факултет во Скопје, како и во средните училишта, потоа такви групи имало во Куманово, Прилеп, Велес и др.

Ова идеолошко-политичко изградување на младината беше непосредно поврзано со нивното подготвување за борба против диктатурата. Затоа оваа (младината) се јавува како организатор на многубројни политички акции кои во условите на воено-полицискиот режим претставуваа своевиден отпор против диктатурата. Во недостиг на други податоци за ваквите видови на отпор, ќе приведеме само две такви акции кои главно беа водени по иницијатива на скоевците од Филозофскиот факултет во Скопје.

Во таа смисла заслужува да се истакне литературната вечер во Велес одржана на 21 јануари 1932 година по повод годишнинаат од смртта на Владимир Илич-Ленин, организирана на иницијатива на група студенти — скоевци и нивните симпатизери со Кочо Рацин и Михајло Кукаљ. Говорејќи за овој настан, Јован Ристиќ, еден од тогашните студенти-скоевци, вели:

„Се сеќавам дека Кочо Рацин го читаше своето предавање за пролетерската литература, а Михајло Кукаљ својот расказ „Возот има свои класи", додека другите студенти читаа свои прозни социјални состави и песни. Освен тоа студентите читаа и преведени песни од советските автори Мајаковски, Блок, Бједни и др."

Литературната средба што била посетена од неколку стотици другари и другарки од Велес не останала незабележана од страна на полицијата. Затоа таа веднаш интервенирала, опседнувајќи ја зградата во која се одржувала таа средба. Во врска со тоа, авторот во своите сеќавања понатаму вели:

„За целото време на траењето на литературната вечер (траеше околу 3 часа) кафеаната (н.б. средбата била одржана во кафеанската сала „Загреб") ја блокираа полицајци и жандарми, а на крајот навлегоа на сцената и сите под стража нѐ спроведоа во Околиското начелство, каде што бевме сослушувани сѐ до зори. Сослушувањата на одделни студенти продолжија и во Деканатот во Скопје."[11])

Средбата со определен карактер и цел, изведена во услови на монархистичката диктатура, навистина претставувала крупна политичка манифестација, а можеби во тоа време била прва од таков вид во Македонија. Како таква таа имала карактер на отпор против диктатурата.

Друга една покрупна акција од тоа време исто така е студентскиот собир, одржан на Филозофскиот факултет ов Скопје на 13 јануари 1933 година по повод намерата на режимот на диктатурата да го укине Филозофскиот факултет во Скопје.

[11]) Јован Ристиќ, ст. „Години на борба, пркос и гордост", вес. „13 ноември", Скопје, год. IX, бр. 9, стр. 6; Страхил Гигов, Сеќавања, Скопје, 1976, стр. 56—57.

Всушност, овој предлог беше даден од страна на тогашниот министер за просвета Раденко Станковиќ, кој, говорејќи за тоа во парламентот, Факултетот го карактеризира како легло на комунистите и како центар на комунистичката пропаганда. Покрај јавната осуда на режимот, на овој собир беше донесена студентска резолуција во која исто така беше осуден обидот на диктатурата да ја укине оваа единствена повисока научна институција во Македонија.[12])

Оваа акција на студентите, како и претходната, беа меѓу покрупните, организирани по иницијатива на партиско-скоевската група на Факултетот и беа директно вперени против диктатурата.

Меѓутоа, сите обиди да дојде до некое организационо поврзување помеѓу овие партиски групи и марксистички кружоци во Македонија не вродиле плод сè до 1933 година. Но и покрај тоа во ова време низ цела Македонија биле успешно растурани прогласи издавани од КПЈ, во кои се разобличувал полицискиот карактер на државниот удар и се разоткривал вистинскиот лик на диктатурата.

Организационото поврзување на овие партиски групи и обновувањето на партиската организација во Македонија е извршено по пристигнувањето на инструкторот на ЦК КПЈ Никола Оровчанец во Македонија, за кој се претпоставува дека пристигнал во текот на јули-август 1933 година.[13])

Неговото пристигнување во Македонија е во непосредна врска со мерките на привременото раководство на КПЈ формирано во средината од 1932 година да ја консолидира Партијата во Југославија, како и да ги спроведе задачите на КПЈ

[12]) Јован Ристиќ, н. ст.; Архив на Македонија (АМ), Скопје, фонд Филозофски факултет, арх. бр. 2428.

[13]) Никола Оровчанец е роден во Велес на 25 јули 1903 година. Основното училиште и гимназиската матура ги завршил во Македонија. Член на КПЈ станал во јуни 1923 година. На предлог на ПК КПЈ за Македонија, а по одобрение на ЦК КПЈ во втората половина од 1925 станал слушател на Универзитетот КУНЗМ (Комунистички универзитет на националните малцинства на Запад) во Москва. Во учебната 1928/29 година го завршил Универзитетот, а потоа извесно време останал на работа во СССР. Во 1933 година бил повикан од Коминтерната и од ЦКП КПЈ и испратен на илегална работа во Македонија. По провалата во КП во Македонија во декември—јануари 1933/34 година тој ја напуштил Југославија и се вратил во Советскиот Сојуз. По враќањето од Југославија станал аспирант во Ленинската школа, а од 1937 до 1938 бил заменик директор за просветно политичката работа на Московскиот медицинско-фармацеутски комбинат. Во февруари 1938 година бил уапсен и осуден. Посмртно е рехабилитиран во крајот од 1963 година. — Јован Р. Бојовиќ, ст. Македонците на Комунистичкиот универзитет на националните малцинства од Запад до 1929 година, Зборник, Работничкото движење на Македонија до 1929- Скопје, 1971, стр. 189—190. — Лазар Колишевски, н. д., стр. 41; 100 години Велешка гимназија, стр. 84; АИНИ, Скопје, Аџо Петровски, Спомени; Исто, фонд Коминтерна, микрофилм 107/430.

содржани во Резолуцијата на Коминтерната, донесена непосредно по неговото формирање. Тоа е период во животот на Партијата, кога таа сè повеќе се ослободува од дотогашното секташтво, што се гледа од ставот на привременото раководство партиската организација да се ослободи од завереничките методи на борба и да стане раководител и организатор на секојдневната борба на работничките и селските маси, да создаде мрежа на разни легални и полулегални организации и движења, да ги искористи силе легални и илегални можности за работа сред работниците и селанството. Сите овие напори што ги правеше привременото раководство, ќе најдат примена и во Македонија, така што Партијата во Македонија, напоредно со обновувањето на партискиот живот и консолидацијата, во текот на 1933—1934 година ќе постигне забележителни успеси во таа смисла.[14])

Првите мерки што инструкторот на ЦК КПЈ ги презел за обновување на партиската организација во Македонија биле тие што тој најнапред воспоставил врски со определени комунисти, за кои најверојатно имал препорака од ЦК КПЈ, што се гледа и од неговиот извештај, бидејќи истите ги приведува под познати за нив шифри. По разговорот што го водел со нив и запознавањето со положбата во Македонија, тој презел чекори за да формира областен комитет на КПЈ за Македонија.[51]) Изборот на обласниот комитет стана на еден состанок на кој присуствувале: Ацо Петровски, Антоније Грубишиќ, Живојин Ќурчиќ, Киро Гочков, Кочо Рацин и инструкторот на ЦК КПЈ Никола Оровчанец. На овој изборен состанок на дневен ред биле поставени две прашања: општата политичка ситуација во Југославија, специјално во Македонија и задачите пред кои Партијата стои во Македонија и второ, организациони прашања, односно избирање на привремен областен комитет на КПЈ за Македонија.[16])

Гласањето за членови на обласниот комитет било извршено тајно со ливчиња. Според некои сеќавања на состанокот се гласало само за тројца членови на ОК и тогаш биле избрани: Ацо Петровски, Живоин Ќурчиќ и Кочо Рацин, како секретар.[17]) Всушност, тоа се потврдува и со извештајот на ОК од 19 август 1933 година, во кој се вели дека се подготвува обласна конференција за избор на областен комитет, а во него ќе треба да влезат тројца членови: „Граф, 3-Цар, шнајдер“.[18]) Меѓутоа, постојат и други искажувања, како во врска со бројот на чле-

---

14) Pregled istorije SKJ, Beograd, 1963, стр. 171—172.

15) АИНИ, Скопје, фонд Коминтерна, м. ф. 107/430, Извештај ....., Исто, Ацо Петровски, Спомени.

16) Исто; АИНИ, Скопје, Исказ на Киро Гочков ...

17) Страхил Гигов, н. д., стр. 57; АИНИ, Скопје, Исказ на Киро Гочков ....; изјава на Живојин Чурчиќ, дадена на авторот на овој напис на 9 мај 1975 година во Белград.

18) АИНИ, Скопје, фонд Коминтерна, м. ф. 46/257.

новите на ОК, така и за изборот на секретар на ОК. Според овие, во ОК биле избрани 5 членови: Ацо Петровски за секретар, а Кочо Рацин, Живоин Ќурчиќ, Кочо Попов и Стевче Арсов за членови.[19]) Овој областен комитет во прво време вршел функција и на местен комитет на Скопје.[20])

Со формирањето на Областниот комитет, веднаш се пристапило кон воспоставување врски со партиските групи и организации во внатрешноста, со цел да се обнови нивната работа. Воспоставувањето на врските и обновувањето на партиската организација е вршена со непосредна помош на членовите на Областниот комитет. Така, според извештајот до ЦК КПЈ од септември 1933 година „по одлука на ОК (Областен комитет), другарот број 1 веќе патувал во (Велес) и таму организирал партиска организација и ја инструирал за синдикална работа. По седум дена повторно бил пратен да ја провери работата и да даде упатства во духот на одлуките на ОК (Областен комитет). Исто така, број 3 отпатувал за К (Куманово). Врската е вопоставена. Овие денови треба да дојде другарот од П (Прилеп)".[21])

Меѓутоа првите партиски организации во кои, по воспоставувањето на врските, се формирале месни комитети, освен во Скопје, каде што Областниот комитет вршел функција на местен комитет, биле: Велес, Куманово, подоцна Прилеп и Битола. Се чини дека во Куманово нов местен комитет не е формиран, туку е обновен, зашто таков веќе бил формиран во февруари 1933 година. Ваква констатација извлекуваме од веќе споменатиот извештај од септември 1933 година, во кој воопшто не станува збор за формирање на местен комитет во Куманово, туку само за воспоставена врска. „Во К (Куманово) број 3 веќе одржал состанок со одделни другари. Настроението е добро. Овие денови чекаме извештај за нивната работа која тие на свој начин ја обновувале", се вели во извештајот, што значи дека членот на Областниот комитет при воспоставувањето на врската со Куманово веќе наишол на обновена организација.[22]) За ова сведочи и еден подоцнежен извештај од 11 март 1934 година, во кој се вели: „Во К (Куманово) поради отсуството на др. Х не дошло до состанок, но врската е воспоставена. Наредната недела другарот дошол во С (Скопје) и му јавил на Областниот комитет дека е одржана седница и дека во К (Куманово) е формиран Местен комитет на Партијата и младината".[23]) Освен

[91]) АИНИ, Скопје, Ацо Петровски, Спомени; Исто, Ѓорѓи Солев, Изјава од 7. I. 1959 година; Стевче Арсов, Сеќавања снимени на магнетоскопска лента во 1961 година.

[20]) АИНИ, Скопје фонд Коминтерна, м.ф. 107/430, Извештај....; Исто, Ацо Петровски, Спомени; Стевче Арсов, Сеќавања....

[21]) АИНИ, Скопје, фонд Коминтерна, м.ф. 46/257.

[22]) Боро Чушкар, н.д., стр. 387; Прилеп и Прилепско низ историјата, стр. 62; АИНИ, Скопје, фонд Коминтерна, м.ф. 46/257.

[23]) АИНИ, Скопје, фонд Коминтерна, м.ф. 107/430.

тоа, врски биле воспоставени и со партиските групи во Тетово, Штип и Струмица, а се правени напори за поврзување со партиски групи и во другите градови.[24])

Напоредно со мерките за формирање на месни комитети, се вршело обновување и формирање на нови партиски ќелии во кои, според упатствата издадени од Обласниот комитет, е вршена поделба на работата по скетори, се избирани прочелници, воведено е плаќање на партиска членарина и сл. Во Велес за нецели десет дена се формирани партиски ќелии во ложилницата, во монополот, на пругата Велес—Прилеп, во фабриката за зејтин, како и меѓу грнчарските работници. Организацијата успеала да воспостави контакт и со 5 села во околијата, во кои се работело прилично активно. Велешката партиска организација одржувала врска и со местото Градско.[25]) Во Скопје, исто така, за кратко време партиски ќелии се формирани на железницата, како и меѓу графичарите.[26])

Формирањето на месни комитети и секојдневната помош што им ја давал Обласниот комитет на партиските организации во Скопје, Велес и Куманово придонеле тие прилично да се закрепнат. До 29 септември 1933 година, кога е испратен извештај до ЦК КПЈ, бројната состојба на партиското членство во овие три града била следнава: Скопје 20, Велес 47 и Куманово 17 членови на КП.[27]) Од поднесениот извештај се гледа дека за овој временски период најголем успех е постигнат во Велес. Затоа, со право во еден од извештаите се вели дека „Велес засега е мала комунистичка тврдина".[28])

## I

Со помош на Партијата била обновена работата и на младинската организација. Меѓу првите што се формирале напоредно со месните комитети на Партијата, биле месните комитети на младината во Скопје, Велес и Куманово. Подоцна такви младински комитети се формирале во Прилеп и Битола. Месниот комитет на СКОЈ во Скопје вршел функција на Обласен комитет на СКОЈ за Македонија. Во овој Местен комитет влегувале: Стевче Арсов, секретар и Петко Секуловски, Јосип Калаја, Цане и Јавашот, членови.[29]) Секретарот на Месниот комитет на СКОЈ во Скопје, односно Обласниот комитет на СКОЈ за Македонија, Стевче Арсов присуствуваше скоро на сите состаноци на Обласниот комитет на КП за Македонија. Се пла-

24) Исто.

25) АИНИ, Скопје, фонд Коминтерна, м. ф., 46/257; 100 години Велешка гимназија, стр. 84.

26) АИНИ, Скопје, фонд Коминтерна, м. ф. 46/257; Киро Гочков, Изјава дадена на авторот на овој напис во април 1976 година во Скопје.

27) АИНИ, Скопје, фонд Коминтерна, м. ф. 46/257.

28) АИНИ, Скопје, фонд Коминтерна, м. ф. 107/430 и м. ф. 46/257.

29) Исто; Стевче Арсов, Сеќавања.....

нираше во најскоро време да се формира и Обдастен комитет на СКОЈ за Македонија, но поради настанатата провала во декември 1933 и јануари 1934 година, тоа не било остварено.[30])

По обновувањето на месните комитети на СКОЈ за краток период е обновена работата на младинските ќелии и просветни групи и е зголемен нивниот состав. Според веќе споменатиот извештај до ЦК КПЈ од 29 септември 1933 година бројната состојба на младината во Скопје изнесувала 14, во Велес 22 и во Куманово 14 младинци.[31]) Од поднесениот извештај за бројната состојба на младинската организација до 29 септември 1933 година се гледа дека таа била помногубројна во Велес, за разлика од Скопје, каде што имало најмногу услови за нејзиниот побрз развој. Ваквата состојба во скоевската организација во Скопје се должела на нејзиното секташко однесување кон работењето сред младината. Тоа се гледа и од самиот факт што во приведениот број на скоевци, повеќемина биле членови на Партијата.[32])

Меѓутоа, подоцна бројот на младинците опфатени во ќелии и воспитни групи се зголемил, како во Скопје, така и во другите градови каде што месните комитети на младината подоцна биле формирани.

Во Скопје, на пример, и покрај тоа што во почетокот имало секташење, а работата сред младината била отежната, бидејќи многу бавно се освојувале претпријатијата, за релативно многу кратко време се постигнати добри резултати. Месниот комитет на младината со помош на Партијата успеал да се поврзе, речиси, со сите школи, како што се: Медресата, Учителската школа, гимназиите, трговската академија, универзитетот. Наспоредно со тоа некои младинци успеале да заземат многу раководни места во струковите сојузи на реформистичките синдикати, како, на пример, берберите, чевларите, шивачите, дрводелците.[33]) Учеството на младината од Скопје особено било забележано во обновеното културно-уметничко друштво „Абрашевиќ", во кое заеднички настапувале млади работници и студенти, членови на Партијата, скоевци и нивните симпатизери, ангажирајќи се во сите негови секции: драмската, музичката, хорската и други. Сè до нивното навлегување во друштвото, бројот на членовите во него бил многу мал и тоа одвај живуркало. По омасовувањето, во друштвото се развила интензивна културно-уметничка и идеолошка работа. За подигање на класната свест на членството одржувани се разни научни и популарни предавања за општествени, економски и меѓународни проблеми. Освен тоа, сред членството е ширена и напредна лите-

---

[30]) Исто; АИНИ, Скопје, фонд Коминтерна, м. ф. 107/430.

[31]) АИНИ, Скопје, фонд Коминтерна, м. ф. 46/257.

[32]) Исто.

[33]) АИНИ, Скопје, фонд Коминтерна, м. ф. 107/430.

ратура. Сета оваа активност на младината во друштвото се одвивала во согласност и под раководство на Партијата, која, всушност, ја имала управата во свои раце.[34])

Пред крајот на 1933 година во Скопје е формиран и средношколски актив на младинската организација кој ја раководеше работата на младинските групи во школите и факултетот. Ваквата активност во ширењето на младинската организација по школите продолжила и во текот на 1934 година. Освен што овие младински ќелии и групи работеле на своето идеолошко изградување, тие растурале марксистичка и друга напредна литература, брошури и сл.; потоа, земале активно учество во собирањето на црвена помош, како и во масовното илегално растурање на издадените прогласи и летоци.[35])

Меѓу таквите прогласи што биле растурани од страна на младинската организација во Скопје, заслужува да се истакне прогласот наменет на универзитетската и средношколската младина, во кој се третираше тешката положба на школската младина под диктатурата поради забраната слободно да ја искажуваат својата мисла, поради разните такси и давачки, нејзиното прогонување, како и поради мерките на режимот да ја фашизира младината со нејзиното присилно запишување во фашистичките здруженија. По истакнувањето дека диктатурата ја претворила Југославија во зандана, во која се прогонувала секоја слободно искажана мисла и дека универзитетската како и школската младина, заедно со селанството и работниците, ги полнеле затворите, поради тоа што се бореле против постојниот режим, во прогласот понатаму се вели:

„По универзитетите и школите е заведена најцрна реакција, а наместо вистината и слободата на науката во нив царуваат лаги, измами, шпиони и поткажувачи. Се заведува бесправно учење на веронаука, омладината се затапува и присилно ја тераат во фашистичките здруженија, додека од друга страна ѝ се наметнати големи товари во вид на разни такси и давачки, кои буквално ѝ го оневозможуваат секое школување.“

Затоа младината понатаму во прогласот се повикуваше по повод 7 ноември — денот на Октомвриската револуција — заедно со работниците и селаните од Југославија и Македонија, да го кренат својот глас со паролите: „Долу военофашистичката диктатура! Да живее сојузот на селаните и работниците! Да живее сојузот на работничко-селската република во Југославија! Против плаќањето на големите такси, против учењето на

[34]) АИНИ, Скопје, Ацо Петровски, Спомени; Јован Ристиќ, н. ст., стр. 6; Стевче Арсов, Сеќавања....

[35]) АИНИ, Скопје, Мирослав Сечков, Спомени; Спасе Тренески, Спомени; Исто, Оптужница — Д. Т. бр. 2380/34, арх. бр. 2380; Веселинка Малинска, ст. Белешки за хроника Скопје 1933—35, вес. „13 ноември“, Скопје, год. IX, бр. 9, стр. 7.

веронауката, за слобода и независност на школите и универзитетот.“[36])

Младинските групи во струковите сојузи на реформистичките синдикати под раководство на Партијата сè повеќе се вклучувале во акции што ги водела Партијата, како што беа штрајковите, тарифните акции, учеството во изборите за работничка комора и слично.

За младинските ќелии во Скопје карактеристично е тоа што тие, за разлика од партиските ќелии, воделе многу поредовен организационен живот, се состанувале редовно и се интересирале за сите прашања од работата на струковите сојузи, за конспирацијата, дисциплината, членарината, црвената помош, пропгандата и др.[37]) Организациониот живот на младинската организација и нејзината активност слично се одвивала и во другите градови, при што се применувани разни форми за масовна работа со младината.

Во Прилеп, на пример, во отсуство на друга масовна легална организација, се дошло на идеја да се формира трезвено друштво, како најпогодна форма за поврзување со младината. Веднаш потоа, во есента 1933 година во Прилеп е формирана гутемплерска ложа во која за кратко време се собрале над 100 младинци и младинки. За нивното идеолошко изградување во ложата се организирале разни марксистички предавања и се одржувале реферати за политичките настани во светот и земјата. Со тоа, таа за кратко време се претвори во центар за идеолошко-политичко изградување на младите членови.[38])

Целата оваа активност околу обновувањето на работата на младинските организации и нивното формирање била раководена од месните комитети на Партијата. Во времето на формирањето на месните комитети на СКОЈ, тие немале никакви врски со ЦК на СКОЈ, така што работата во скоевските организации се одвивала исклучиво по директивите на месните комитети на Партијата, според задачите што произлегувале од конкретната ситуација во секое место. Иако во таква положба, во еден од извештаите се констатира дека „идеолошки и организационо младината од месец во месец расте“ и дека таа е „на добар пат да се ослободи од секташтвото, закопченоста, апстрактното просветување итн.“[39])

Ова активност на Партијата во Македонија што напоредно со партиската организација ј обновувала и младинската организација, позитивно била оценета од страна на ЦК КПЈ. Ова го констатираме од една статија објавена во органот на ЦК

---

36) АИНИ, Скопје, Пресуда на Првостепениот скопски суд, арх. бр. 3242.

37) АИНИ, Скопје, фонд Коминтерна, м. ф. 107/430.

38) „Прилеп и Прилепско низ историјата“, н. д. стр. 99—100.

39) АИНИ, Скопје, фонд Коминтерна, м. ф. 107/430.

КПЈ „Пролетер“ под наслов „Социјал-демократска болест наших партијских организације.“ По разликата што е направена со другите покраини, во кои се потценувала улогата на младината и нејзината класна организација, како и нејзината улога во класната борба на пролетаријатот и поради што под разни изговори се запоставувало нејзиното обновување и формирање како засебна младинска организација, оквалификувајќи ги тaквите разбирања како социјал-демократски остаток во партиските редови, во статијата како пример се приведува партиската организација во Македонија која во тој однос правилно постапила. Во врска со тоа во статијата се вели:

„Тако се на пример у Македонији истовремено са обновом партиских организација започело и са обновом омладинских организација и резултат је тај да у свим местима где постоје партиске организације постоје и омладинске.“[40])

Кога се има предвид дека работничката младина претставувала 40% од вработената работничка класа и тешката положба во окја таа се наоѓаше, нејзината бесмилосна експлоатација како резултат на четиригодишното бесплатно чиракување што го овозможуваа законските прописи, масовната експлоатација на децата од 10—14 години во фабриките, пониските надници на младите работници за еднаква работа со возрасните, ваквиот однос на Партијата во Македонија кон младината претставуваше успех зашто без класна младинска организација не можеше да се замисли успешно организирање на борбата на работничката младина за нивните секојдневни барања.

Но и покрај тоа, на партиските организации, во конкретниов случај и на партиската организација во Македонија, ѝ е направена забелешка што не обезбедила доволно партиски кадар за работа во младинските организации и што заемната застапеност на партиските и младинските организации ги имала сведено на одржување поединечни врски, односно што еден член на месниот комитет на Партијата држел врска со секретарот на месниот комитет на СКОЈ. Бидејќи таквата организациона поставеност на работата не обезбедувала спроведување на линијата на Партијата во скоевската организација, во статијата се истакнува дека партиските организации во иднина би требало да поведат повеќе грижа во таа смисла.[41])

Овие констатации во споменатиот напис за работата на Партијата во Македонија во однос на младинската организација, иако со поголемо задоцнување, беа одраз на вистинската ситуација во Партијата во времето на нејзиното обновување во 1933 година. Но, колку овие забелешки нашле одраз во Македонија, не сме во можност да кажеме. Со оглед на тоа што скоевската организација не била зафатена со провалата која

---

40) Сп. „Proleter”, Beogerad, 1968, бр. 4—5/1934.

41) Исто.

настанала во декември—јануари 1933 и 1934 година, најверојатно биле реализирани.

## II

При Обласниот комитет постоел сектор на работа по синдикална линија, чија задача била комунистите да навлезат во реформистичките синдикати и да работи за формирање на револуционерна синдикална опозиција (РСО) во реформистичките синдикати. Всушност, партиските активисти од скопската просветна група одлуката на ИК КИ од II пленум одржан во септември 1932 година за влегување на комунистите во реформистичките синдикати, која била потврдена и усвоена од ЦК КПЈ и објавена во „Пролетер“ од јануари 1933 година, ја добиле нешто порано, пред пристигнувањето на инструкторот на ЦК КПЈ во Македонија. Веднаш потоа тие на своја иницијатива решиле да влезат во Урсовите синдикати во Македонија. Во времето на пристигнувањето на инструкторот во Македонија, нивната работа во Урсовите синдикати била во зачеток. Според неговото мислење, партиската група која се зафатила за оваа работа немала искристализирано становиште за тоа што треба и како треба да се работи во синдикатите, со оглед на тоа што тие биле во рацете на социјалдемократите кои ја поддржувале воената диктатура во Југославија.[42])

По формирањето на Обласниот комитет, на една од неговите седници, членовите на ОК биле запознати со ставовите на ЦК КПЈ по прашањето за бирократите во работничките установи, како и по прашањето за работата во реформистичките синдикати. Се чини, а тоа го тврдиме врз основа на еден изворен податок, дека на еден од состаноците на ОК е формирана тричлена комисија, во состав: Александар Петровиќ, Киро Гочков и Трајан Јовчевски, која добила задача да работи по синдикална линија.[43])

Состанокот на ОК на кој е дискутирано по прашањето за реформистичките синдикати и формирањето на комисијата влијаело комунистите поангажирано да се вклучат во работата на реформистичките синдикати, односно во обновувањето на работата на постојните струкови сојузи, подружници, културно-уметнички друштва, како и за формирање на нови. Ако го проследиме весникот „Радничке новине“ од тој период, ќе видиме дека, речиси, секој негов број регистрирал вести од таков карактер што зборува за една навистина богаат активност на тој план.

Посебно внимание притоа му беше посветено на обновувањето работата на културно-уметничките друштва при синдика-

[42]) АИНИ, Скопје, фонд Коминтерна, м. ф. 107/430; Исто, Ацо Петровски, Спомени.

[43]) АИНИ, Скопје, Исказ на Киро Гочков . . . .

тите, особено на обновување работата на културно-уметничкото друштво „Абрашевиќ“, чија работа беше забранета по прогласувањето на диктатурата, како една од формите за поголемо влијание на Партијата сред работниците и подигањето на нивната класна свест. По нивното формирање и обновувањето на нивната работа, раководните места во управите на сите тие друштва ги заземаа комунистите, како секретари или претседатели на тие тела, истиснувајќи ги постепено реформистите од нив.

Овој процес на заживување работата во синдикатите го констатираа и „Радничке новине“. Во еден од своите броеви од 18 август 1933 година весникот „Радничке новине“ во врска со тоа пишуваше:

„Код радника на југу примећује се жив покрет за обнову организација, нарочито синдикалних и културних. Доскора тога није било, али ти другови у потпуности заслужују да им се поклони више пажње и да се помогну у своме скромном али здравом настојању.“[44])

„Радничке новине“ во своите неколку броја посебно го прокоментираа движењето на обновените културно-уметнички друштва, давајќи му во весникот доволно простор. Во еден од неговите броеви под наслов „ Подизање културног покрета у Скопљу „Радничке новине“ пишуваа: „Ради подмирења најбитнијих културних потреба и рада у циљу снажења покрета на југу, у првом реду у Скопљу, приступило се је одмах реформисању и преуређењу већ постојећег радничког тамбурашког друштва „Грађевинар“. Ова реорганизација је извршена на тај начин што је поред другова које дуже времена раде у „Грађевинару“, а чији је број врло узак и мали, ушао још један већи број млађих другова који су орни и способни за рад на томе пољу.“[45])

Веднаш потоа, во истата статија посебно место му беше посветено на културно-уметничкото друштво „Абрашевиќ“:

„Поред тога формиран је и један шири акциони одбор који је примио на себе задатак да оснује у Скопљу секцију УРУГ „Абрашевић“ са свима гранама њеног културно-просветног рада. На овом послу нашло се одмах, на самом почетку, велики број одличних и врло способних снага, који нам дају потпуну гаранцију да од започетог посла мора бити успеха. Међу овим друговима нарочито треба истаћи другове: Ацу Петровића, Цеку Стефанова, Драгослава Станишића ,Косту Солева-Рацина и Николу Цветковића.“[46])

---

44) Вес. „Радничке Новине“, 1933, бр. 34.

45) Вес. „Радничке Новине“, 4 август 1933, бр. 32.

46) Исто, бр. 32 и бр. 33.

И покрај тоа што весникот „Радничке новине" овие написи ги донесе со демагошка цел и лажна борбеност зашто основен облик на работата на реформистите беа конференциите, собранијата, интерпелациите, испраќањето делегации до режимските установи — со крајна цел да се затапи сечилото на револуционерната борба на работничката класа и работниците да ги оддели од решавањето на своите секојдневни горешти прашања, ги цитираме за да констатираме дека партиските активисти ја спроведувале директивата на Партијата за влегување на комунистите во реформистичките синдикати и во сите синдикални, културни и спортски организации, користејќи ги на тој начин сите легални форми на работа за поврзување со масите и нивно мобилизирање за секојдневна борба. Потврда за тоа е и самата констатација дека во синдикалните културно-уметнички друштва влегувале сè повеќе млади луѓе, како и констатацијата дека и бројот во нив станувал сè поголем, што дотогаш не било случај. Освен тоа и составот на акционииот одбор за формирање на „Абрашевиќ", како што беа Кочо Рацин, Ацо Петровиќ, доволно јасно зборува дека комунистите сè повеќе преовладувале во реформистичките синдикати и нивните организации. Впрочем, податоци за тоа дека Кочо Рацин бил библиотекар во културно-уметничкото друштво „Абрашевиќ" наоѓаме во сеќавањата на повеќе учесници во работничкото движење од тој период.[47]) Исто така и во сеќавањата на Стевче Арсов, тогашниот секретар на ОК на младината, наоѓаме податоци дека тамбурашкото друштво „Граѓевинар", во кое тој бил активен член на управата, одиграло крупна улога во собирањето на работничката младина.[48])

Меѓутоа, и покрај тоа што оваа директива за влегување на комунистите во реформистичките синдикати била пренесена во сите партиски организации, некои од овие организации не се придржувале за неа. Таков е случајот со Куманово, каде што Месниот комитет имал сосема спротивен став во однос на реформистичките синдикати и нивното користење како легална форма за работа со масите заради водење секојдневна борба за остварување на нивните права.

Дека тоа било така сведочи еден синдикален собир на Урсовите синдикати, одржан во Куманово на 20 август 1933 година, за кој Месниот комитет во Куманово зазел став да сеземе учество на собирот, но притоа отворено да се истапи против реформистичките синдикати. И навистина, на закажаниот собир на синдикатите во Куманово дошло до остар судир меѓу претставникот на Урсовите синдикати Веља Петровиќ и двајца партиски работници, кога тие во текот на неговото излагање упад-

---

[47]) АИНИ, Скопје, Ацо Петровски, Спомени; Исто, Изјава на Киро Гочков . . . . .

[48]) Стевче Арсов, Сеќавања . . . . . .

нале со поставени прашања: „Зошто реформистичките синдикати не се забранети, како што беа забранети Независните синдикати, затворени сите домови, забранета работата дури и на културно-уметничкото друштво „Абрашевиќ?" Во одговор на нивното упаѓање, Веља Петровиќ почнал да ги напаѓа поради нивната комунистичка дејност, изнесувајќи ги нивните биографии: дека се комунисти, дека скоро се пуштени од робија и слично.[49])

Овој судир помеѓу социјалдемократскиот водач на Урсовите синдикати и партиските активисти од Куманово го објавија и „Радничке новине", интерпретирајќи го овој настан на свој начин. Во написот под наслов „Још један велики збор" во врска со тој настан се вели:

„Збор је закључио друг Томић, а том приликом десио се један инцидент. Никола Таневић, бивши лимарски мајстор и човек који је недавно дошао са робије, питао је зашто Урсовим синдикатима није забрањен рад. У циљу провокације помагао га је Тане Ђорђевић, бербер-мајстор."[50])

Според тогашната оценка на ЦК КПЈ ваквите ставови, како и ставот на МК Куманово, претставувале лево секташење во Партијата, кое се јавувало како главна пречка во масовната работа и мобилизацијата на работните маси за борба. Тоа било опасно исто толку како и десниот опортунизам, кој се манифестирал во фетишизирањето легалноста во реформистичките синдикати.[51])

Со оглед на тоа што овој настан се случил во втората половина на август 1933 година, во времето кога се обновувала работата на Партијата во Македонија, па и во Куманово, не е исклучена можноста МК во Куманово во тоа време да не ја имал сè уште примено директивата од ОК за влегување во синдикатите. Меѓутоа, самиот факт што сè до втората половина на 1934 година Месниот комитет на Куманово немал преземено мерки за влегување на комунистите во синдикатите, ниту пак биле преземени мерки за обновување на културно-уметничкото друштво „Коста Абрашевиќ", сведочи за тоа дека Месниот комитет на Куманово не го изменил својот став по однос на реформистичките синдикати. Ваквиот негов став по однос на реформистичките синдикати е во тесна врска со ставот да се спроведе бојкот на изборите за работничка комора, а не како што некои автори тврдат дека директивата на ОК за учество во изборите за работничка комора не стигнала навреме во Месниот комитет на Куманово.[52])

---

[49]) Боро Чушкар н. д., стр. 388—390.

[50]) Вес. „Радничке Новине", 1933, бр. 37, стр. 8.

[51]) Сп. „Proleter, бр. 1/1933, ст. „Komunisti i sindikati"; Исто ст. „Naš glavni i osnovni zadatak" бр. 4/1933.

[52]) Боро Чушкар, н. д., стр. 392.

Иако овој нивни став, кој бил рамен на лево секташење, не бил тогаш остро критикуван од страна на ОК, во еден од неговите извештаи е оценет како „немање сè уште разбирање за политиката по синдикалното прашање."[53])

## III

Составен дел на директивата за влегување на комунистите во реформистичките синдикати претставувала директивата за формирање револуционерна синдикална опозиција (РСО) во нив која, иако илегална, требало да стане носител на целокупната активност на синдикатите.

Не сме сигурни дали на состанокот на ОК, на кој бил пренесен ставот на ЦК КПЈ по прашањето на реформистичките синдикати, се дискутирало и за РСО. Но, од извештајот испратен во септември 1933 година до ЦК КПЈ се гледа дека ОК имал намера тие денови да формира „управа на РСО која требало да организира РСО во сите секции и да започне со планска работа"[54]) Всушност, и од изложените задачи што ОК ги набележал во истиот извештај за во иднина, констатираме дека „формирањето на РСО во сите секции (струкови сојузи н. б.) и избирањето на привремени управи на РСО" пред ОК се поставувало како претстојна задача.[55])

Според овој, како и според еден подоцнежен извештај од почетокот на март 1934 година, се чини дека при ОК на Македонија била формирана планираната управа на РСО.[56]) Прашањето кои лица влегувале во управата на РСО при ОК и дали веќе споменатата трочлена комисија за работа во синдикатите ја претставувала управата на РСО, останува отворено и во таа смисла ќе треба и понатаму да се истражува.

Формираната управа на РСО при ОК за извештајниот период од четири до пет месеци сепак постигнала извесни резултати, особено поголема желба за работа покажала во последното време од извештајниот период. Своите одлуки по разни прашања од своите сотаноци управата на РСО ги проведувала преку меѓуструковиот одбор. Најчесто таа своите состаноци ги држела пред седницата на меѓуструковиот одбор, така што таа секогаш имала можности своите заклучоци да ги пренесе во меѓуструковиот одбор. Управата на РСО при ОК во овој период зела видно учество во организирањето на штрајковите на дрводелците и кожарите. Слична активност РСО проја-вила во Велес и Куманово.[57])

---

53) АИНИ, Скопје, фонд Коминтерна, м. ф. 107/430.
54) Исто, м. ф. 46/257.
55) Исто.
56) Исто, м. ф. 107/430.
57) Исто.

и на некои членови на ОК по прашањето на РСО, кои стоеле на становиште дека нема потреба од формирање на РСО во струковите сојузи, зашто реформистичките синдикати и без тоа се левичарски, односно се во рацете на комунистите.[59])

Ваквите недоразбирања по однос на формирањето на РСО дошле до израз уште на првиот проширен состанок на ОК, на кој била пренесена директивата на ЦК КПЈ за формирање на РСО. По ова, еден од присутните повикан да присуствува на проширениот состанок бил натеран да го напушти состанокот. Солидаризирајќи се со неговиот став, еден од членовите на ОК исто така сакал да го напушти состанокот, но бил задржан да остане. Говорејќи за овој настан, во извештајот од 11 март 1934 година се вели:

„Тешко било, но ветувања има ....... По долги дискусии со број 2, број 4, па и број 1 (под број 1 се подразбира членот на ОК кој сакал да го напушти состанокот н. б.) ми појде од рака да ги убедам дека е потребно да се создаваат РСО со цел таквите групи на РСО да се формираат во сите струкови сојузи и тоа не само во Скопје, туку во сите места.“[60])

На една друга седница на ОК од редовите на комунистите кои работеле во меѓуструковиот одбор биле одбрани неколкумина, со кои бил одржан посебен состанок „и по тој начин биле воведени во кругот на своите задачи“. И во овој случај не сме на јасно што претставувала оваа изделена група комунисти од меѓуструковиот сојуз, но, се чини, дека тоа била група на РСО во меѓуструковиот сојуз.[61])

Ова прашање во самиот ОК било расчистено и прифатено дури кога од Загреб бил добиен „Пролетер“ од октомври 1933 година, во кој конкретно биле разработени улогата и задачите на РСО. По констатацијата дека и по една година од донесувањето на директивата на ЦК КПЈ за влегување на комунистите-работници во синдикатите, како и за формирање на групи на РСО, тие сè уште се наоѓале во својот повој, во написот под наслов „Питања и проблеми рада РСО“, во врска со тоа понатаму се вели:

„У нашим редовима још није пребројено небољшевичко гледиште, да у реформистичким синдикатима нема смисла радити, да се комунисти тобоже компромитују пред радницима ако улазе у синдикате итд. Ова и слична гледишта немају ништа заједничко са линијом Партије. Ми у синдикате улазимо не зато, да се подчинимо реформистима, него зато, да преко синдиката организујемо борбу радника, да се преко синдиката повежемо са новим слојевима и масама радника, да синдикалне

---

58) Исто.

59) Исто; АИНИ, Скопје, Ацо Петровски, Спомени.

60) Исто.

61) АИНИ, Скопје, фонд Коминтерна, м. ф. 107/430.

Но, затоа управата на РСО при ОК во периодот не ги надминала рамките на споменатата дејност. Што е најважно управата на РСО при ОК за овој период не успеала да создаде групи на РСО во струковите сојузи и покрај тоа што во сите струкови сојузи и синдикални подружници комунистите ги имале најодговорните места. Како пример се приведуваше градот Скопје, во кој пододборите на шивачите, дрводелците, берберите и др. биле наполно под влијание на комунистите.[58])

Причините за таквата положба биле во недоразбирањата и дилемите во самиот Областен комитет за Македонија, како чланове отргнемо испод утицаја реформистичких вођа т.ј. ми улазимо у синдикате управо за то, да појачамо нашу борбу против реформистичких вођа, издајника радничке класе."[62])

По добивањето на директивите од ЦК КПЈ за формирање на РСО, според извештајот на ЦК КПЈ, Обласниот комитет оваа директива ја пренел и на МК во Велес, Прилеп и Куманово, за да создадат и тие групи на РСО. Меѓутоа, нивното формирање не се одвивало така лесно, зашто задолжените комунисти од МК за работа во реформистичките синдикати биле премногу занесени од успесите што тие ги постигнале во освојувањето на раководните места во реформистичките синдикати. Затоа тие сметале дека нивното формирање во тој случај е непотребно, бидејќи реформистичките синдикати и без РСО се левичарски.[63])

Но, од овој извештај не може да се види дали групите РСО биле формирани во внатрешноста во Велес, Куманово и Прилеп. Од еден податок на едно друго место во извештајот се гледа дека управата на РСО при ОК им помагала на РСО во Велес и Куманово. Тоа сведочи дека РСО сепак биле формирани во Велес и Куманово[64]. Ако изнесеното за Куманово е точно, тогаш можеме да се согласиме со тоа дека РСО била само формирана во Куманово и дека нејзината активност се почувствува дури во втората половина од 1934 година, со надминувањето на дотогашниот секташки став за навлегување на комунистите во реформистичките синдикати.

Врз основа на дотогаш добиените извештаи во врска со ова прашање, ЦК КПЈ во писмото испратено до комунистите во Македонија во јули 1934 година, на партиската организација во Македонија ѝ упати остра и опширна критика по прашањето на нејзините ставови во врска со реформистичките синдикати и РСО. Во врска со тоа во ова писмо се вели:

„Од основа е погрешно ликвидаторското мислење на некои другари дека никакви групи на РСО во реформистичките синдикати не треба да се создаваат, бидејќи тие и онака се левичарски организации. . . Коренот на таа грешка се состои во погрешната оцена на односот меѓу комунистите и социјалфа-

---

62) Сп. „Proleter", бр. 10/1933.
63) АИНИ, Скопје, фонд Коминтерна, м. ф. 107/430.
64) Исто.

шистите, од една страна и во погрешната оцена на синдикатите во Македонија, од друга страна. Другарите, изгледа мислат, како што тоа им го претставуваат реформистите на неизвестените, дека нашето влегување во реформистичките синдикати е резултат на некое „зближување“ односно „помирување“ на комунистите со реформистите. Всушност, никогаш јазот меѓу нас и реформистичките водачи не бил така длабок како што е сега, никогаш не била потребна поостра борба против реформистичките синдикати и нивната политика отколку сега...“[65])

Веднаш потоа во писмото беа изложени и задачите на Партијата во врска со улогата на РСО:

„Ако пак вие револуционерно работите во синдикатите, морате околу себе да ги соберете и систематски поврзете најреволуционерните и најборбените работници од претпријатијата, на кои ќе можете да се потпрете и да им верувате во текот на борбата во претпријатијата и синдикатите и со нивна помош да ги мобилизирате другите работници. Без таква организирана потпора и заштита, при првата посериозна акција реформистите ќе ве исфрлат од синдикатите, работниците од претпријатијата, а полицијата ќе ве затвори. Партиската фракција е потребна во секоја група на РСО и синдикатот. Но, РСО мора да биде далеку поширока организација и да опфаќа далеку поголем број работници отколку Партијата и да дејствува како опозиционо крило во синдикатите... во таа ширина и особеноста на задачите се состои и значењето на РСО, која комунистичката фракција може само да ја води, но никако да ја замени...[66])

## IV

Наспоредно со обновувањето на Партијата се обновувала работата и на комитетите за Црвена помош, така што за овој краток период месни комитети за Црвена помош постоеле во Скопје, Куманово и Велес. Подоцна месни комитети за Црвена помош се формирани во Прилеп и Битола. Главна и основна задача на организацијата Црвена помош беше собирање парична помош за затворените партиски и скоевски активисти, членовите на национално-револуционерната организација и нивните фамилии. Во собирањето на Црвената помош беше ангажирана целата партиска и скоевска организација. Од зачуваниот единствен број на партискиот весник „Искра“, кој излегол само во два броја, се гледа дека партискиот печат редовно ги известувал своите читатели за активноста на Црвената помош, така што и тој од своја страна помогнал да се прошири и зајакне организацијата Црвена помош. Така, на пример, во овој број на весникот во статијата под наслов „Организирајте помоќ за

[65]) Исто.

[66]) Исто.

жртвите на капиталот", по изнесениот петгодишен биланс на жртвите од монархистичката диктатура, за кое време повеќе од 50 политички борци биле осудени на смрт, а 10 на доживотна робија, додека над 1.000 биле осудени на вкупно 4.000 години робија и преку 150 биле убиени на мачен начин по затворите, се повикувале другарите, да се сетат на своите другари и нивните фамилии, да организираат помош за жртвите на капиталот, да собираат прилог за Црвената помош.[67])

Покрај оваа акција заслужува да се истакне и акцијата за солидарност со 200 политички затвореници во Сремска Митровица кои на 22 октомври 1933 година стапиле во штрајк со гладување со цел за подобрување условите во затворот, всушност против диктаторскиот режим во земјата. Акцијата за солидарност што ја водеше организацијата Црвена помош најде место на страниците на партискиот весник „Искра". Во статијата „Штрајк со гладување" на штрајкачите им се ветуваше полна поддршка со зборовите:

„Ние ги поздравуваме штрајкачите и се восхитуваме од нивната борба. Не е далеку часот на вашата слобода, ние сме со вас и ние за вас сепак ќе се бориме до последната капка крв. Ние во Македонија сè уште сме слаби за да изведеме улични демонстрации за вас, но ние и тоа ќе го направиме за да не отстапите вие во вашата борба, ние ќе ви помогнеме."[68])

Освен тоа организацијата Црвена помош во Македонија водеше успешна протестна акција и во врска со Лајпцишкиот процес, односно во врска со судењето на Димитров, Торглер, Попов и Танев кои беа обвинети за палежот на Рајстагот, наводно организиран од нив. Всушност, тоа беше процес организиран од страна на германските фашисти, како Геринг и други, со цел да ѝ се зададе удар на германската комунистичка партија. И покрај тоа што на судот беше докажана нивната невисност и потоа тој ги ослободи, тие и натаму беа задржани во затвор, додека нивните животи сè уште беа во опасност. Тоа беше повод меѓународната организација на Црвената помош да му се обрне на меѓународниот пролетаријат за спасување на нивните животи. Организацијата Црвена помош во Македонија во врска со тоа изготви протестно писмо со чија содржина беа запознати работниците во Македонија, потоа анонимно беше испратено во Лајпциг, а и до германскиот пратеник во Белград.[69])

Вклучувајќи се во оваа акција, партискиот весник „Искра" во својата статија под наслов „На Торглер и Димитров им се заканува смртна опасност" ги извести читателите за намерите на германските фашисти:

---

[67]) АМ, Скопје, арх. бр. 3255.
[68]) Исто.
[69]) АИНИ, Скопје, фонд Коминтерна, м. ф. 107/430.

„Крвавиот фашистички режим во Германија е вон себе од бес што не може да го сокрие своето злосторство и тој сака да им се одмазди на Торглер, Димитров и другите кои така храбро го раскринкаа. Германските злосторници сега сакаат тивко и нечујно да ги усмртат овие храбри и бестрашни борци — ставајќи ги Торглера, Димитрова и другите во превентивен затвор поради велеиздаја!“

А веднаш потоа, во истата статија, на работниците и селаните од Македонија им се упатуваше повик со следниве зборови:

„Работници и селани од Македонија, Германските фашисти сакаат да ги усмртат Торглера и Димитров. Не ги давајте!

Од секое место, од секоја работилница. од секое село и од секое зафрлено катче на Македонија — нека се чуе нашиот пламенен протест против крвавиот германски фашизам и секој фашизам воопшто. Да живее Торглер и Димитров! Долу крвавиот фашизам!“[70])

Обласниот комитет на КПЈ за Македонија, заедно со Комитетот на Црвена помош, беше упатил писмо и до политичките затвореници во Сремска Митровица во кое тие се повикуваа да ги прекратат фракционерските борби и да започнат со конструктивна работа.[71])

## V

Како ориентација за работа по национално-револуционерна линија на Обласниот комитет на КПЈ за Македонија требаше да му послужи директивата на ЦК КПЈ за национално-револуционерна работа, испратена заедно со други директиви на 23 август 1933 година. Како и дотогаш, и во оваа директива ЦК КПЈ инсистираше во Македонија да се обнови национално-револуционерната организација ВМРО(об). Но, со оглед на дотогашното искуство од работата на ВМРО(б) што таа беше се изедначила со партиската организација, поради што таа не успеа да прерасне во масовно националноослободително движење, од партиската организација во Македонија со оваа директива се бараше „изделување на партиската работа од работата во ВМРО(об)“.[72])

Во времето на обновувањето на партиската организација во Македонија ОК обрна внимание за поврзување и со националноослободителното движење во Македонија, во лицето на ВМРО (об). Наоѓајќи се сè уште во процес на обновување и закрепнување, Партијата во Македонија, по сè изгледа, веднаш не била во состојба да се зафати со национално-револуционерна

---

[70]) АМ, Скопје, арх. бр. 3255.

[71]) АИНИ, Скопје, фонд Коминтерна, м. ф. 107/430.

[72]) Исто, м. ф. 46/257.

работа. Затоа, во своите први извештаи до ЦК КПЈ, ОК во Македонија не ја спомнуваше национално-револуционерната работа, дури во еден извештај, во кој беа изложени неговите задачи за најблиска иднина, национално-револуционерната работа не фигурираше како посебна задача пред Партијата во Македонија.[73])

Од тие причини ЦК КПЈ доби впечаток дека Партијата во Македонија не му обрнува доволно внимание на прашањето за национално-револуционерната работа. Тоа беше повод ЦК КПЈ на 24 октомври 1933 година да упати директивно писмо до Обласниот комитет во Македонија, кое беше исклучиво посветено на национално-револуционерната работа во Македонија. Покрај тоа што од ова директивно писмо може да се види дека ЦК КПЈ прашањето за работа по национално-револуционерна линија го постави како многу важна задача пред Партијата во Македонија, тоа има крупно политичко значење и поради тоа што во него Партијата во Македонија се задолжуваше во национално-револуционерната работа да има подеднаков пристап како сред Македонците, така и меѓу Арнаутите. Тоа претпоставуваше дека при создавањето на ВМРО (об) Партијата треба да води сметка и за албанските национално угнетени маси, така што и тие да се опфатат во национално-револуционерното движење, зашто без борбата за национално ослободување на албанската народност не можеше да се замисли борбата против диктатурата и национално ослободување на македонскиот народ како независна држава. Вака сфатена ВМРО (об) како масовно национално-ослободително движење требаше да се спротивстави на фашизираната Ванчомихајловистичка и реформистичката Протуѓеровистичка организација, кои беа оружје во рацете на империјалистичката буржоазија и им служеа на нивните интереси. Обновувањето на национално-револуционерната организација ВМРО (об) и нејзиното зацврстување требаше да овозможи што поскоро одржување заеднички конгрес на ВМРО (об) и од сите три дела на Македонија, бидејќи такви веќе беа одржани во Пиринскиот и Егејскиот дел на Македонија.

Со оглед на важноста на ова директивно писмо, кое спаѓа меѓу ретките такви, во кои се третира прашањето за национално-револуционерната работа на Партијата во Македонија, во прилог ги даваме само најважните делови од писмото:

„Воспоставувајќи, сосема правилно, врски со старите другари и симпатизери, вие ќе треба заедно со нив во својата широчина да го поставите прашањето за поврзување со национално-револуционерните елементи во Македонија и обновувањето на организацијата ВМРО (об). Во борбата против денационализаторската политика на великоскрпското владеење, спроведувано со системот на Жика Лазиќ, ние (Партијата н. б.) наспро-

---

[73]) Исто.

ти на национално-фашистичката активност на Михајловистите и национално-реформистичката политика на Протуѓеровистите ќе треба во широките слоеви на работниот народ на Македонија да го популаризираме политичкиот став на нашата Партија и ВМРО(об). ... Врз таа основа со сите сили ќе треба да се забрза работата за активирање на ВМРО(об) во југословенскиот дел на Македонија. Тоа дотолку повеќе зашто во Бугарија и Грција веќе беа одржани конгреси на ВМРО, а силното заостанување во југословенскиот дел на Македонија оневозможуваше општ конгрес на ВМРО. Внимавајте правилно да се спроведе односот помеѓу нашата Партија и ВМРО(об). Национално-революционерните организации не се наши партиски организации, но во нив треба да постојат наши фракции кои мораат да настојуваат политички да ги раководат. Во секој случај треба да се одбегнува старата секташка грешка да се создаваат организации кои по својот личен состав истовремено се и наши партиски и национално-революционерни.“[74])

Постапувајќи по добиените директиви, Обласниот комитет во своите прогласи што ги објавуваше, ја истакнуваше паролата за слободна и независна Македонија, со намера по тој начин да дојде во врска со членовите на национално-револуционерната организација ВМРО (об) односно да им се стави до знаење дека Партијата е присутна во Македонија и дека би требало да се поврзат со неа, излегувајќи од својата длабока законспирираност. Истовремено Обласниот комитет се обидуваше да дојде во врска со ВМРО(об) и преку поединци за кои имаше податоци дека тие своевремено биле или членови на организацијата ВМРО (об) или имале контакти со неа. Меѓутоа, ни едниот ни другиот обид не дал резултат. Говорејќи за овие обиди на ОК да воспостави врски со ВМРО(об), инструкторот на ЦК КПЈ во еден извештај вели:

„Лично имав разговор со еден младинец, кој до 1930—1931 година бил раководител на младинската организација на ВМРО (об), но од разговорот дознав дека организацијата повеќе не постои, зашто врската била прекината, а самите по некое време „доброволно“ се растуриле ... Исто имав друг разговор со познат комунист, кој имал врска со Влахов, но и од него добив одговор дека нему никој не му се обрнува, ниту пак знае дали таа постои или не.“[75])

Тоа нешто Обласниот комитет го наведе на заклучок дека ВМРО (об) или е растурена или толку многу се законспирирала, што не ѝ е можно да се поврзе со широките национално угнетени маси во Македонија. Затоа Обласниот комитет, обрнувајќи му се на ЦК КПЈ, поставил две алтернативи: ако постои ВМРО (об), да се поврзе со партиската организација во Македонија,

---

[74]) Исто.
[75]) Исто, м. ф. 107/430.

а ако не постои, ЦК ќе треба да издаде директива Обласниот комитет самиот да формира национално-ослободително движење во Македонија, навестувајќи дека ако до денес се чекало, во иднина не ќе треба да се чека, зашто настаните се развиваат со толку голема брзина, што Партијата може да се најде на опашката од настаните.[76])

## VI

Со обновувањето на работата на партиската организација и нејзиното организационо поврзување, КПЈ во Македонија веќе можеше да стапи во акција, да развие политичка активност, да се поврзе со широките народни маси и да застане на чело на револуционерното демократско движење.

За поуспешно остварување на своите цели, Обласниот комитет покрена и свој лист „Искра", кој излезе во два броја. Освен тоа Обласниот комитет издаваше и посебни прогласи и брошури упатени до македонскиот народ. Некои од нив беа издавани од ЦК КПЈ, но повеќето ги подготви Обласниот комитет за свои потреби, кои одговараа на условите во Македонија. Од позначајните такви прогласи и брошури што се ширеа и растураа во Македонија беа: „Зошто во СССР нема глад", прогласот издаден по повод шеснаесетгодишнината од Октомвриската револуција, прогласот растуран во Велес спроти општинските избори, прогласот упатен до средношколската младина, брошурата „Македонија и СССР" и други. Во Македонија исто така се растураше и партискиот орган „Пролетер", како и партискиот весник на КП за Србија „Класна борба" и др.

По обновувањето на партиската организација, Комунистичката партија во Македонија особено голема политичка активност разви во времето на општинските избори. Режимот на диктатурата кој, под влијание на внатрешните и надворешните политички моменти, беше присилен да прави отстапувања и го донесе Октроисаниот устав, со што сакаше да остави впечаток како во земјата да се враќа парламентарниот живот, беше присилен и натаму да маневрира. Во таа смисла во 1933 година го донесе и Законот за општинските избори. По повод на овој нов маневр на режимот, „Пролетер" во својата статија под наслов „За борбени бојкот фашистичких опћинских избора" пишуваше:

„Да би спријечила даљњи пораст револуционарне борбе радног народа диктатура појачава с једне стране, масовни терор против револуционарног покрета радника, сељака и угњетених народа, и с друге стране, продужује разне маневре. Ти маневри имају да изазову заблуду код широких маса, као да тобоже великосрпска буржоазија спрема прелаз од отвореног вој-

[76]) Исто.

нофашистичког облика своје владавине на облик неке тобожње демократско-парламентарне владавине. Послије наметања „устава“, образовања полицијом изабраног „парламента“ и сената, обнављања великосрпских буржоаских партија и великосрпске социјалфашистичке партије, диктатура је прешла на провоѓењу и опћинских „избора“.[77])

Меѓутоа, одржувањето на овие општински избори не беше извршено истовремено насекаде во сите бановини, туку постапно за да може режимот да ги концентрира своите сили во оние бановини каде што се одржуваа изборите и со метод на принуда и сила да ја обезбеди својата победа. Тоа говореше за очевидна несигурност на диктатурата, бидејќи отпорот на масите во земјата, работниците, селаните и национално-угнетените маси од ден на ден стануваше сè поголем и тоа сега веќе организирано под раководството на КПЈ која постапно се закрепнуваше од претрпените удари по заведувањето на диктатурата. Разобличувајќи ги целите и намерите на режимот во врска со ваквиот начин на одржување на изборите, во истата статија понатаму се вели:

„Да би осигурала избор наметнутих режимских, великосрпских кандидата, она (диктатура н. б.) концентрира сву силу државног апарата, полицију, жандармерију и војску у поједине „бановине“. Пошто је на тај начин извршила први покушај са провоѓењем „избора“ у моравској и врбаској „бановини“ у српским „бановимана“, где је рачувала да ће наићи на најмањи отпор — она се сада спрема да на исти начин спроведе „изборе“ и у осталим „бановинама“.[78])

За разлика од други буржоаски и синтнобуржоаски странки во опозиција кои се готвеа да истакнат свои кандидатски листи, та заедно со приврзениците на режимот да ја поделат власта во „општинските јасли“ и со своето учество да шират илузии сред масите за наводна демократизација на диктаторскиот режим, а другите прогласуваа пасивен бојкот за да го сопрат револуционерното движење на масите, КПЈ пред партиските организации постави задача да се спроведе борбен активен бојкот на општинските избори. Под борбен активен бојкот се подразбираше организирање на акции, како собири и демонстрации, кои требаше да придонесат за разобличување на постојниот режим во земјата.[79])

Спроведувајќи ја задачата на ЦК КПЈ за активен бојкот на општинските избори, Обласниот комитет ова прашање го разгледал на една од своите седници, одржана 15—20 дена пред изборите. И покрај тоа што времето за одржувањето на општин-

[77]) Сп. „Proleter“, бр. 10/1933.

[78]) Исто.

[79]) Исто; АИНИ, Скопје, фонд Коминтерна, м. ф. 46/257 и м. ф. 107/430.

ските избори се совпаѓало со времето на обновувањето на партиската организација, се одлучило бојкотот на општинските избори да се спроведе и на целата територија на Македонија и тоа под следните борбени пароли: за леб на гладните и работа на невработените, за слобода и независност на Македонија, за скратување на работното време, за поголемо парче леб, против теророт и насилствата, против националното угнетување итн.[80])

Посебно внимание Обласниот комитет одлучил да им посвети на општинските избори во Велес, каде партиската организација во времето на изборите била прилично зацврстена, а освен тоа и бројот на партиското и младинското членство бил нешто поголем. Освен тоа Обласниот комитет решил во Велес да биде растурен и посебен проглас со оглед на тоа што еден од кандидатите на режимската листа бил Никола Цураковиќ, ренегат на комунистичката партија. Во прогласот издаден по тој повод, по дадените објаснувања за карактерот на военофашистичкиот режим и незадоволството и отпорот меѓу работниците и угнетените маси во Македонија против тој насилнички режим, широките работни маси се повикуваа да ги бојкотираат општинските избори, па во врска со тоа во него се вели:

„Работници, сиромашни селани, сиромашни занаетчии во Македонија, КП ве повикува во борба. Бојкотирајте ги изборите, ниеден глас за шестојануарскиот режим. Комунисти, младинци, ставете се на чело на работниците, сиромашните селани и угнетените маси во Македонија, во борба за леб и работа, за слобода и независна Македонија. Бојкотирајте ги изборите, симнете ја маската од образите на лажните демократи и добротвори на македонскиот народ, на црниот терор спротивставете му фронт на револуционерни работници и селани од Македонија. Запомнете, изборите на гладните нема да им донесат леб и на невработените работа. Напред во борба. Да живее бојкотот на класносвесните работници и сиромашни селани против општинските избори.“[81])

Веднаш по добивањето на директивата од ОК, Месниот комитет во Велес развил широка акција за бојкот на општинските избори. И покрај теророт на полицијата (според извештајот на инструкторот на ЦК КПЈ „џандарите со бајонети на пушките со сила ги терале граѓаните да гласаат“), како и притисокот на работодателите врз работниците кои им се заканувале со отпуштање од работа, успехот на спроведениот бојкот во Велес бил голем. За ваквиот успех многу придонел и растурениот леток во градот. Како биле спроведени изборите за илустрација ќе приведеме дел од веќе спомнатиот извештај, во кој се изнесени неколку карактеристични примери за расположението на

[80]) Исто.

[81]) АИНИ, Скопје, арх. бр. 3242.

работниците за време на изборите. Во врска со тоа во него се вели:

„Нашиот агитатор кој имаше за должност да ја посети грнчарската работилница на Левкови — кога ги прашал работниците за кого утре ќе гласаат, еден од работниците му пришол и со замачканите раце од глина ја раскопчал горната и долната блуза и од под нив извадил парче хартија и му го предал на другарот со зборовите: „Еве за кого ќе гласаме, за Комунистичката партија! — дали слушна?" нагласил работникот. Истиот работник, обиколувајќи го работничкиот кварт наречен „Којник", е повикан од една група работници во една фурна. Кога влегол во фурната, ја затвориле вратата по него и му пружиле парче, хартија, говорејќи му: „На читај!. Читај на глас да чуеме што пишува!" Другарот е познат како комунист и работниците сакале да му покажат дека и тие се за Комунистичката партија. Нагласувајќи го овој во читањето секој збор и парола во летокот, кај работниците, кои биле 12—15 на број, предизвикал восхит и тие во хор едногласно извикале: „Еве за што ќе се бориме!"[82])

Бојкот на општинските избори е спроведен и во другите градови во Македонија. Резултатите од општинските избори во Македонија биле поразителни за режимот, бидејќи на изборите излегле сосема бал број гласачи. Тоа истовремено придонело да се подигне угледот на Партијата меѓу работниците и другите национално угнетени работни слоеви.

Партијата во Македонија исто така крупен успех постигнала и на изборите за работничка комора. Оваа задача во врска со изборите за работничка комора на Обласниот комитет во Македонија му беше поставена во веќе споменатото писмо од 23 август 1933 година од страна на ЦК КПЈ.[83]) Но тогаш во него не биле дадени никакви објаснувања за начинот како тие треба да се водат, односно за ставот на Партијата во изборите за работничка комора.

Нешто подоцна, во октомври 1933 година, списанието на КПЈ „Пролетер" донесе напис во кој беа изложени задачите на комунистите во врска со изборите за работничка комора, така што партиските активисти во Македонија имаа можност подетално да се запознаат со директивата на Партијата за изборите за работничка комора.[84])

Во отсуство на други документи, барем за Македонија, овој напис може да се смета како директивен. Неговото значење е во тоа што тој ја ориентира партиската организација во Македонија за изборите за работничка комора со оглед на тоа

---

[82]) АИНИ, Скопје, фонд Коминтерна, м. ф. 107/430.

[83]) Исто, м. ф. 46/257.

[84]) Сп. „Proletere" ,бр. 10/1933, ст. „Izbori za radničke komore".

што во него беше изложена разликата во тактиката на Партијата во општинските избори и изборите за работничка комора. Така, за разлика од ставот на Партијата да се спроведе активен бојкот на општинските избори, зашто учеството во нив значеше поткрепа на монархистичката диктатура, во спомнатиот напис е изнесен ставот на Партијата за активно учество во изборите за работничка комора и покрај тоа што тие беа во рацете на социјалдемократските водачи кои, за сметка на работодателите, работничките комори ги претворија во органи за експлоатација и унетување на работниот народ, наместо да бидат органи на класната борба на класно свесни работници. Заложувајќи се за активно учество во овие избори, Партијата сметаше дека тие на работниците им овозможуваат по овој начин да го искажат својот став и дека на комунистите им даваат можност по легален начин да ги разобличат реформистичките водачи, да ги истакнат барањата на работниците и преку тоа поцврсто да се поврзат со широките работни маси.

Всушност, „Комунистите и класно свесните работници овие избори требало да ги претворат во борба за раскринкување и изгонување на сите реформистички бирократи и фашистички агенти од коморите, за популаризација на програмата и барањата и создавање на револуционерна синдикална опозиција и за претворање на коморите од установи на работодателите и мираз на коморашите во органи на класната борба на пролетаријатот".[85])

Инаку прашањето за изборите за работничка комора било разгледано на една од седниците на Обласниот комитет, а потоа било разгледано и на една седница на Обласниот РСО, така што тоа станало централно прашање на целата партиска организација во Македонија.[86])

За успехот на изборите многу придонела активноста што ја пројавила партиската организација пред распишувањето на изборите во врска со организирањето на работниците во струкови сојузи и подружници и обезбедувањето на влијанието на Партијата во нив. Како резултат на таквата активност, комунистите, речиси, во сите нив имале главен збор, што било доказ за успешно спроведената директива за влегување во реформистичките синдикати и освојувањето на позициите во нив од страна на комунистите и класно свесните работници.

Во предизборната кампања се вклучила целата партиска организација, на чело со Обласниот комитет. За таа цел особено биле искористени собирите закажувани во предизборната кампања, на кои мнозинството од говорниците биле комунисти. Главни пароли под кои се водела предизборната кампања, како на собирите, така и во агитацијата, биле паролите за скратување

---

85) Исто.

86) АИНИ, Скопје, фонд Коминтерна, м.ф. 107/430 и м.ф. 46/257.

на работното време, за поголемо парче леб, против фашизмот и сл. Се агитирало и меѓу организираните и неорганизираните работници за да гласаат за црвената листа.

Резултатите биле над очекувањето. Само во Скопје за црвената листа гласале над 3.000 работници, а на избирачкото место имало уште толку неорганизирани работници кои дошле да ја манифестираат својата готовост за борба. Не помогнале никакви маневри на полицијата и работодателите за да ги сопрат работниците да дојдат да гласаат. Во Скопје, на пример, во една текстилна фабрика, во која имало вработени повеќе од 300 жени работнички, работодателот не сакал да ги пушти на гласање. На интервенција на еден од партиските активисти, кој директно отишол во фабриката, работата била прекината и против волјата на работодателот, работниците излегле на избирачкото место. Пишувајќи за овој случај, инструкторот на ЦК КПЈ во својот извештај вели: „Колкаво било одушевувањето на жените, што другарот број 2 им помогнал и тие да гласаат — а каков студ ги обзеде судиите и полицијата кога виделе поток од живи работници, тоа навистина со зборови не може да се пренесе. Жените за првпат гласале во Македонија". Колкаво било одушевувањето меѓу работниците што можеле да гласаат за црвената листа сведочи еден друг пример од Ѓорче Петров, каде што работниците пешачеле по 8—10 километри само да дојдат до избирачките места.[87])

Меѓутоа, освен Скопје и Велес, каде што биле постигнати големи успеси на изборите, таков успех не бил постигнат и во другите градови на Македонија. Тоа се должи на скоро обновената работа на партиската организација, како и на слабоста на Обласната РСО која сè уште не успеала да изгради апарат за раководење, работа и акција. Притоа, секако треба да се спомене неумеењето на партиските активисти навреме да ги оценат маневрите на режимот и брзо да реагираат на нив.

Исклучок на Партијата во Македонија во врска со овие избори претставува Месниот комитет на Партијата во Куманово, кој објавил бојкот на изборите за работничка комора пред да ги добијат директивите на Партијата за учество во нив. Како резултат на тоа на избирачкото место излегле само 57 од над 1.000 работници, колку што имало вработено во Куманово.[88]) Всушност, овој став на Месниот комитет во Куманово да се бојкотираат изборите за работничка комора се должи на погрешниот став по синдикалното прашање, односно по прашањето за влегување во реформистичките синдикати и освојувањето позициите во нив, став кој не бил осамен во југословенската партиска практика во тоа време и бил ставен под критика во неколку написи во „Пролетер".

---

87) Исто, м. ф. 107/430.

88) Исто; Боро Чушкар, н. д., стр. 394.

Освен тоа треба да се истакне дека изборите за работничка комора се воделе во знак на борба за формирање на посебна работничка комора во Македонија, како и за формирање на покраински синдикален секретаријат со седиште во Скопје, зашто тие дотогаш биле филијала на таквите во Белград. Ова се успеало да се постигне на првата конференција на работничиката комора одржана во Белград. Жестока борба се водела и околу тоа кои луѓе, од која националност требало да влезат во работничката комора: Срби или Македонци, така што најпосле се успеало раководството да го добијат Македонците.[89])

Под раководството на комунистите во ова време биле изведени и неколку успешни штрајкачки акции и покрај отпорот на некои бирократи во работничката комора. Меѓу првите штрајкови бил и штрајкот на дрводелските работници во Скопје кои барале скратување на работното време и воведување на осумчасовно работно време.[90]) За тоа колку време траел овој штрајк, не располагаме со податоци, освен дека штрајкот завршил со успех и дека работниците успеале да се изборат за осумчасовно работно време. Еден месец подоцна дрводелските работници од работилницата на Васил Чесмеѓиески повторно стапиле во штрајк поради тоа што работодателот не се придржувал за склучениот договор за осумчасовно работно време и работниците ги терал да работат по 9—10 часа дневно. Охрабрени од првата победа во штрајкот, работниците не сакале да отстапат. Затоа, одлучиле да стапат во еднодневен штрајк и на тој начин работодателот да го натераат да постапи според потпишаниот договор за осумчасовното работно време. Бидејќи работодателот одбивал да ги прифати условите од договорот, штрајкот продолжил 10 дена. На крајот, сепак, победило борбеното расположение на работниците и нивната непопустливост во остварувањето на своите права. На интервенција на инспекцијата на трудот, изнудена со борбата на работниците, работодателот бил присилен да го потпише договорот за осумчасовното работно време.

Партискиот весник „Искра", известувајќи за резултатите од штрајкот, пишувал:

„Се разбира, овој договор е сè уште на хартија и на „потврдување" во полицијата. Но работодателот се лаже ако мисли дека по тој начин со помош на полицијата ќе се извлече. Ако за скоро време не ја спроведе уредбата за 8 часа — тој повторно ќе ја почувствува тупаницата на работниците. Другари дрводелци! Вашиот пример е сјаен пример за целиот скопски про-

[89]) АИНИ, Скопје, фонд Коминтерна, м. ф. 107/430; Исто Ацо Петровски, Спомени; Стевче Арсов, Сеќавања.....

[90]) АИНИ, Скопје, фонд Коминтерна, м. ф. 107/430; АМ, Скопје, арх. бр. 3255, вес. „Искра", бр. 2, 1933.

летеријат. Не дозволувајте сега повторно да ве малтретираат, барајте стриктно спроведување на договорот, којшто со борба го извојувавте.“[91])

Во исто време кога се водел штрајкот на дрводелските работници, избувнал и штрајкот на кожарските работници, кои барале зголемување на дневниците, со оглед на тоа што биле многу ниски. Така, на пример, на работниците од една херихтерска работилница, во која некои работеле и по 10 години, дневницата им изнесувала 10 динари што навистина зборува за многу тешката положба на работниците што се комплицувала и со економската криза која сè уште владеела во земјата.[92])

Партискиот весник „Искра“, кој единствено ни дава податоци за овој штрајк, не можеше ништо повеќе да каже за текот на овој штрајк, зашто во времето на неговото излегување, овој штрајк сè уште беше во ек. Затоа тој ги пренесе првите впечатоци од овој штрајк:

„Но што е од посебно значење и што треба да се подвлече, е нивната солидарност и пожртвуваност за победа. Тие се решителни и храбро се држат. Неколку штрајбехери кои се појавија, го добија заслуженото ... Да живеат другарите кожарци!“[93])

Покрај овие два штрајка на дрводелците и кожарците, во Скопје во овој период штрајкувале и берберските работници кои, исто така, барале скратување на работното време.

Зборувајќи за ехото на првите штрајкови по диктатурата, во истиот весник пишуваше: „Пролетеријатот на Скопје се буди. Угнетените, обесправените — ги креваат главите. Само во текот на декември избувнаа два штрајка во Скопје. Штрајкот на дрводелските и кожарските работници — а берберските работници водат акција за скратување и ограничување на работното време. Со големо интересирање и напрегнатост работниците од другите струки и претпријатија ја следеа оваа јуначка борба на штрајкачите ...“[94])

Партискиот весник „Искра“ пишувањето за овие два штрајка го искористи нешто повеќе да каже за многу тешката положба на работниците и во другите претпријатија, како, на пример, во текстилната фабрика во која работниците работеле по 12 часа дневно, во ложилницата, во претпријатието „Треска“, во монополот, во кој дневниците на работниците постојано се намалувале. Но, исто така, весникот сакаше да укаже дека работниците својата положба единствено можат да ја подобрат само со борба, стапувајќи во штрајк, наспроти тврдењето на социјалфашистите дека кризата е „времена“, дека прашањето може да се поправи и дека капитализмот треба да се лекува.

---

[91]) Исто.
[92]) Исто.
[93]) Исто.
[94]) Исто.

Како доказ за разбивање на буржоаските теории на социјалфашистите дека штрајкачките акции не можат да се водат во времето на економските кризи, во весникот се приведуваат двата успешни штрајка на дрводелците и кожарите, чиј пример на солидарност во борбата предизвика уште поголема пожртвуваност и решеност кај работниците за нивната победа.[95])

Една од покрупните акции што се водела во ова време била акцијата за помош на невработените, која била водена под паролата за работа и леб. Во времето на водењето на оваа акција партискиот весник „Искра" на уводната страница донесе напис под наслов „Комунисти, организирајте ја борбата на невработените за работа и леб", од која може да се види вистинската положба на невработените во Македонија, како и задачата што се поставувала пред комунистите за начинот како да се организира борбата на невработените. Според овој напис, во Македонија во тоа време имало близу 50.000 работници и занаетчии кои биле без работа, леб и вистинска помош. Оваа цифра се разликувала од бројот на невработените што го прикажувале социјал-фашистите кои еднаш изјавувале дека во Македонија има 25.000 невработени, а другпат пишувале дека во времето од септември 1922 до ноември 1932 година само во скопската берза барале работа повеќе од 31.620 работници и дека од овој број на пријавени имало вработени само 4.670. Ако е тоа така, во статијата понатаму се вели дека во цела Македонија имало сигурно трипати повеќе невработени. За 4 години, според написот, овие 25.000 невработени примиле само по 16 динари и 73 пари што значи дека за оваа сума не можело да се „купи ни сол, а камоли нешто друго."[96])

Работничката комора, која била најповикана да се грижи за невработените, за нив не сакала ни да чуе. Како и во други случаи, така и во овој таа одбивала да организира собири на невработените, ниту пак имала намера да формира „акционен одбор на невработените за борба и стварна помош". Разоткривајќи ја улогата на бирократите во работничката комора, кои го затапувале сечилото на борбата на работничката класа, весникот „на работниците во Македонија им укажа дека треба да бидат свесни оти само по организиран пат и борба е можно да се извојува стварна помош", зашто „никакви молби, никакви воздишки нема да им донесат леб и работа". Затоа, комунистите се повикуваат да застанат на чело на борбата на невработените со следниве зборови: „Организирајте ги невработените и формирајте одбори за борба и помош. Свикувајте собири на невработените, поведете ги во борба за работа и леб . . ."[97])

---

95) Исто.
96) Исто.
97) Исто.

Борбата за зголемување на дневниците и скратување на работното време за време на штрајковите на работниците во Скопје и акцијата на невработените била проследена со разобличување на предавничката улога на бирократите и социјалдемократските водачи од реформистичките синдикати. Нивната предавничка улога особено дошла до израз во времето на штрајкот на дрводелците, така што, кога работниците се обратиле за помош до синдикатите, социјалдемократите односно бирократските водачи им одговориле со зборовите „одете и вратете се на работа". Наспроти нив меѓуструковиот сојуз се заложил да им помогне на штрајкачите во водењето на акцијата. По успешно завршениот штрајк работниците ги осудиле реформистичките синдикати и решиле својот делегат во реформистичките синдикати да го повлечат.[98])

По еден така успешен период на политичката активност на КПЈ во Македонија, во декември 1933 година дојде до провала, која подоцна се прошири на целиот Обласен комитет и зафати делови од Кумановската и Скопската партиска организација, така што Обласниот комитет во постојниот состав веќе не можеше да дејствува. Во почетокот на февруари 1934 година инструкторот на ЦК КПЈ, Никола Оровчанец, ја напушти Македонија.[99])

Иако со провалата од 1933—1934 година не беше провалена целата партиска организација во Македонија, таа сепак претставуваше удар за тукушто обновената партиска организација. Со помош на ЦК КПЈ во пролетта 1934 година беше формиран Обласен, односно Покраински комитет на КП за Македонија, кој презеде мерки да ја зацврсти партиската организација во Македонија и да продолжи со својата политичка активност.

Славка ФИДАНОВА

## ВОЗОБНОВЛЕНИЕ, КОНСОЛИДАЦИЯ И ДЕЯТЕЛЬНОСТЬ КПЮ В МАКЕДОНИИ С 1929 ПО 1934 ГОД

(Р Е З Ю М Е)

Настоящий научный труд является попыткой показать усилия Коммунистической партии Югославии в Македонии, возобновить свою деятельность после перенесенного ею удара в условиях монархистической диктатуры в королевстве Югославии, которая была установлена 6-го января 1929-го года, консолидировать свои ряды и стать во главе революционного демократического движения в борьбе за осуществление национальных, экономических и демократических прав.

---

[98]) АИНИ, Скопје, фонд Коминтерна, м. ф. 107/430.

[99]) Исто; АИНИ, Скопје, арх. бр. 3242; Исто, Ацо Петровски, Спомени; Стевче Арсов, Сеќавања . . . . .

Полицейский режим, который был установлен после обьявления монархической диктатуры, считая КПЮ главным врагом режима, в годы диктатуры, организовал преследование членов КП, коммунистической молодёжи и национально-революционного движения. Считается, что в тюрьмах во всей Югославии того времени было почти тысячу коммунистов, приговоренных к долголетней каторге, пока свыше ста самых верных членов КП были убиты самым зверским образом.

Эти полицейские преследования особенно почувствовались в Македонии, где и перед этим было чрезвычайное положение и в тюрьмах находилось много народу. В июле 1929-го года была раскрыта национально-революционная организация ВМРО (объединённая) и в тюрьме оказался весь Областной комитет организации, а также и отдельные её члены из городов: Скопье, Велес, Куманово, Штип и Прилеп, из числа которых большинство состояли членами КП. В июле и в августе того же года, после провала из „верхушки" в тюрьмах оказалось 15 коммунистов из партийной организации г. Куманово, тем самим был нанесён удар и Покраинскому комитету в Македонии.

Последствия полицейского преследования и ареста членов Партии были большие. Связи оказались прерванными, а Партия обезглавленной. Это особенно почувствовалось в партийной организации Македонии, которая на более длительный период потеряла все связи с руководством КПЮ. Таким образом, партийная жизнь в Македонии оказалась парализованной. Члены КП, избежавшие последствий провала, пытались развить некоторую деятельность, но это сводилось к собиранию „красной помощи", и к оказанию помощи арестованным и их семействам. Это явилось доказательством медленного выздоравливания партийной организации в Македонии от претерпевших ударов.

Наряду е этим, начиная с конца 1931-го года, в рядах партийных активистов чувствовалось некоторое оживление. По инициативе коммунистов в большинстве городов стали оформляться партийные и молодежные группы, а их деятельность носила прежде всего идеологическо-теоретический характер. Были сделаны попытки сформировать Местные комитеты Партии, в Куманове, Велесе и Прилепе, а партийная група в Скопье, в 1932 году, приняла решение о проникновении коммунистов в реформистские профсоюзы и завоевать позиций внутри них. Молодожные группы явились инициаторами отдельных действий.

Организационная связь между партийными и молодёжными группами и возобновление деятельности партийной организации в Македонии началось в середине 1933-го года, после прибытия в Македонию инструктора ЦК КПЮ, Николы Оровчанеца. Сразу после этого был сформирован временный ОККПЮ Македонии, который исполнял функцию Местного комитета города Скопье. Подготовлялось оформление ОК Союза коммунистической молодежи (СКОЙ) Югославии, потому что эту функцию исполнял МК СКОЙ-а города Скопье, однако из-за провала, в декабре 1933-го, это не осуществилось. Наряду с этим приняты меры о возобновлении партийной организациии СКОЙ-а и в других городах Македонии. До конца 1933-го года сформировались МК КПЮ и МК СКОЙ-а, не

только в городе Скопье, но и в Куманове, Велесе, Прилепе и Битоле, тогда как в других городах уже сущестововали партийные группы. Кроме этого, в городах, где существовали МК, сформировани и комитеты „Красной помощи".

ОК уделил особое внимание работе по линии профсоюза, по вопросу о приеме коммунистов в реформисткие профсоюзы и оформления РСО, с целью создать единый боевой фронт для борьбы пролетариата. ОК также приложил все усилия, к осуществлению директивы ЦК КПЮ о работе по национально-революционной линии, настаивая при этом на восставлении контакта с национально-революционной организацией в Македонии (ВМРО-объединённой).

Возобновлением партийной и Скоевской организации и консолидированием их рядов, КПЮ в Македонии стала способной начать действовать, развить политическую деятельность и стать во главе революционного демократического движения. Для успешного выполнения этой задачи, ОК издавал и распространял разные воззвания и брошюры, а в ноябре 1933-го года начал публиковать свою газету „Искра". Под руководством КПЮ, широкие народные массы в Македонии, до конца 1933-го года, проводили многие успешные акции. Они учествовали в в бойкоте выборов в общинах, выборов в Рабочую палату и в бойкоте акции для основания отдельной Рабочей палаты в Македонии и покраинских секретариатов профсоюзов Македонии; они приняли участие в акции солидарности с политическими заключёнными в Сремской Митровице, в акции протеста по поводу процесса в Лейпциге и др. Под руководством КП рабочие организовали успешные забастовочные акции — забастовока столярных и кожевенных рабочих в Скопье, а также принимали участия в акции помощи безработным, которая проводилас под лозунгом „за работу и хлеб".

После провала партийной организации с декабря-января 1933/34 годов, временно приостановлен ускорённый подъем Партии в Македонии, однако это имело временный характер.